РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-1855/1
09.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за **08.04.2024 година**.

Во рамки на овој извештај Ве известуваме за следното:

- Агенцијата направи посебен мониторинг врз телевизиите на државно ниво за првите пет дена од почетокот на изборната кампања за Претседателските избори во врска со исполнувањето на обврските од член 75 од ИЗ за изборниот процес да известуваат во формат пристапен за лицата со попреченост.

- Беше констатирано дека освен „КЛАН МАЦЕДОНИА“ ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ – САРАЈ, СКОПЈЕ, сите други телевизиски програмски сервиси на државно ниво, емитувале по едно издание на вестите секој ден, во периодот од 16:00 до 24:00 часот, прилагодено со користење знаковен јазик или со титлување.

- Дел од нив ја емитуваа и емисијата што преземаа обврска да ја емитуваат на неделно ниво, а кај другите е најавена за наредните денови.

- Кај телевизиите кои користат толкувач со знаковен јазик, со исклучок на „ТВ 24 ВЕСТИ“, констатирано е дека се користи премногу мал поделен екран за толкувачите, што го отежнува следењето на програмата, за што Агенцијата посебно ќе им укаже на медиумите.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele
СКОПЈЕ | SHKUP